Врз основа на член 8 став (1) точка 1) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29.12.2025 година донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
**на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2026 година**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Годишната програма за работа на Советот за 2026 година (во понатамошниот текст: Програмата за работа) содржи програмски активности за операционализација и конкретизација на стратешките цели утврдени со Стратешкиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) за периодот 2026-2028 година, со јасно дефинирани цели за начинот на развој на ревизијата во Република Северна Македонија.

1.2. Програмата за работа има за цел да обезбеди реализирање на целите утврдени во Стратешкиот план, со максимално насочување на постојните и со зајакнување на капацитетот на стручната служба на Советот во 2026 година, подобрување на квалитетот на работењето, како и постигнување на подобри резултати од преземените мерки и активности со поставување на соодветна организациска и систематизациска поставеност.

1.3. Главната цел е Советот да биде институција со силни технички капацитети која што во соработка со другите институции и Владата ќе даде силен придонес во борбата против корупцијата. Во таа смисла, квалитетот и веродостојноста на ревизорските извештаи се еден од клучните фактори за функционирањето на финансискиот систем во државата. Интересот за нивен квалитет и веродостостојност го имаат повеќе засегнати страни, односно потенцијални инвеститори во економијата (домашни и странски, кои пред да инвестираат во компанија

ги разгледуваат ревизорските извештаи) и истите се дел од програмата за работа кои произлегуваат од редовните работни процеси на Советот.

1.4. Стратешка цел на Советот е градење на систем во државата целосно усогласен со меѓународните стандарди кој обезбедува зголемен квалитет на ревизиите; запазување на принципите на законитост, јавност и транспарентност; зголемување на степенот на доверба кај инвеститорите, а во правец на подобрување на бизнис климата во државата. За реализацијата на споменатите цели е планирано подобрување на соработката помеѓу Советот и Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Институтот) и усогласувањето на системот за контрола на квалитет со Директивите и Регулативата на ЕУ за ревизија.

1.5. Годишната програма за работа на Советот за 2026 година содржи активности утврдени во Стратешкиот план на Советот за 2026 - 2028 година, како и врз оперативни активности кои произлегуваат од законските обврски на Советот поврзани со работата на Институтот.

## 2. СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ

2.1. Приоритетни активности на Советот во 2026 година ќе бидат насочени кон активното партиципирање на Советот како регулаторно тело на комерцијална ревизија при изработката и креирањето на база на податоци на регистри пропишани со законската рамка, како и вршење мониторинг на пазарот на ревизорски услуги во врска со законската ревизија и анализа на финансиските извештаи на правни лица од јавен интерес. Исто така, Советот ќе преземе активности за меѓу институционално електронско поврзување со делови од базите на податоци од институциите кои што содржат податоци што се потребни за аналитички приод на Советот.

2.2. Градење механизми за надзор на ревизијата од страна на Советот, односно вршење на контрола на квалитет на ревизорските услуги по побарани вонредни контроли, воспоставување на јасни критериуми за спроведување на контролите на квалитет, утврдување на методологија за спроведување на надзор на ревизијата од страна на Советот, зајакнување на квалитетот на ревизиите, зајакнување на процесот на трасնспарентност преку воспоставување на механизми за јавно објавување на извештаите, воспоставување на системи за надзор и контрола на спроведените ревизии и доследна примена на меѓународните

стандарди за ревизија, а соглсано на заклучоците кои се донесени по одржана експертска мисија и работилница – TAIEX, во месец Ноември 2025 година, како и Препораките кои произлегуваат од РОСК Извештајот, изработен од Центарот за реформи на финансиското известување – Светска Банка, Виена и Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година – Европска Комисија.

2.3. Човечки ресурси – Согласно Стратешкиот план на Советот во 2026 година потребно е да се зајакнат кадровските капацитети со унапредувања на вработените во Стручната служба за која цел Советот ќе преземе конкретни мерки во текот на годината.

2.4. Реализација на Годишниот план за обуки на вработените во стручната служба за да се зајакне професионалната компетентност на вработените, во периодот на спроведување на стратешкиот план ќе се стави акцент врз индивидуално планирање на потребите за обуки. Вработените во стручната служба ќе се стекнат со можност за добивање на знаење, стручни сертификати во области поврзани со ревизија и сметководство, како и другите сегменти за административната работа на Советот, кои се пред се дел од нивните работни задачи.

2.5. Зајакнување на техничките капацитети со информатички технологии - Во делот на зајакнување на техничките капацитети на Советот, се планира аплицирање за проекти од Програма на ЕУ - ИПА 3 претпристапна помош и соработка со Министерство за дигитална трансформација во насока на дигитализација на одредени услуги.

2.6. Промовирање на ревизорска професија кај младата генерација преку поврзување со академска заедница, Институтот и други релевантни институции.

Советот има обврска за унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија, а со тоа и мотивација на младата академска популација за стекнување на звање ревизор, како и да обезбеди поголема транспарентност на финансиските извештаи на деловните ентитети, се со цел минимизирање на потенцијалните ризици во подобрувањето на целокупната бизнис клима во државата заради привлекување на странски инвестиции.

## 3. ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНСКИТЕ ОБВРСКИ

3.1. Изготвување и донесување на Годишен извештај за работа на Советот за 2025 година;

*рок: прв квартал*

3.2. Изготвување и донесување на годишна сметка на Советот за 2025 година, изработка на квартални финансиски извештаи;

*рок: прв квартал*

3.3. Изготвување на Годишен план за јавни набавки, а според одобрениот Буџет на Советот за 2026 година;

*рок: прв квартал*

3.4. Ажурирање на податоци кои согласно Законот за јавни набавки се доставуваат во ЕСЈН, измени на Планот за јавни набавки, квартална евиденција по доставена документација од директорат за финансиско – сметководствено работење, известувања за склучени договори;

*рок: континуирано*

3.5. Соработка со домашните регулаторни органи, тела и институции преку размена на податоци, информации, искуства и организирање средби со нивни претставници заради унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија;

*рок: континуирано*

3.6. Активно партиципирање во работата на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Поглавје 6 во преговорите со ЕУ – право на трговски друштва;

*рок: континуирано*

3.7. Практична реализација на заклучоците и препораките кои произлегуваата од експертската мисија и работилница одржани во месец Ноември 2025 година, како и препораките кои произлегуваат од РОСК Извештајот, изработен од Центарот за реформи на финансиското известување – Светска Банка, Виена и Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за 2025 година – Европска Комисија;

*рок: континуирано*

3.8. Зајакнување на веќе воспоставената соработка со странските регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата и воспоставување соработка со органи од други земји преку потпишување на меморандуми за соработка, размена на најдобри искуства и практики, заради јакнење и развој на внатрешните капацитети на Советот.

*рок: континуирано*

3.9. Интензивирање на активностите за зачленување на Советот во меѓународни организации на регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата;

*рок: континуирано*

3.10. Следење на постапката за стекнување на звањето ревизор која ја спроведува Институтот;

*рок: континуирано*

3.11. Следење на постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство;

*рок: континуирано*

3.12. Спроведување на постапки за одлучување по барања од физичките и правните лица за издавање на лиценца за овластен ревизор,лиценца за вршење работи на ревизија на друштво за ревизија и лиценца за вршење работи на ревизија на овластен ревизор - трговец поединец, доколку ги исполнуваат условите од Законот;

*рок: континуирано*

3.13. Следење на спроведувањето на Програмата за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори, во согласност со најновите достигнувања во професијата;

*рок: континуирано*

3.14. Следење и давање согласност на тригодишна и годишна програма за контрола над членовите на Институтот;

*рок: континуирано*

3.15. Иницирање на постапки – вонредни контроли по извештаите за контрола на квалитет од Институтот на правните лица кои вршат работи на ревизијата;

*рок: континуирано*

3.16. Изрекување на мерки врз основа на мерките изречени од Институтот поради повреда на законската и професионална регулатива;

*рок: континуирано*

3.17. Вршење надзор над спроведувањето на контрола на квалитет на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци од страна на Институтот;

*рок: континуирано*

3.18. Проверка на извештаите за транспарентност согласно Законот за ревизија;

*рок: втор квартал*

3.19. Следење на исполнувањето на тригодишниот Стратешки план на Советот (2026 – 2028), за активности што се однесуваат за 2026 година.

*рок: континуирано*

3.20. Давање насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно Законот;

*рок: континуирано*

3.21. Работни посети на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, заради согледување на моменталните состојби во ревизорската професија и детектирање на проблемите со кои се соочуваат при работењето. Воспоставување на контакти со бизнис заедницата и контакти и работилници низ факулететите во Република Северна Македонија со цел афирмирање на професијата

*рок: континуирано*

3.22. Изготвување на Стратешкот план на Советот за 2026-2028 година;

*рок: четврт квартал*

3.23. Изготвување на годишна програма за работа на Советот за 2027 година;

*рок: четврт квартал*

3.24. Изготвување на финансиски план на Советот за 2027 година;

*рок: четврт квартал*

3.25. Вршење други активности согласно со Стратешкот план на Советот за 2026-2028 година;

*рок: континуирано*

3.26. Медиумска видливост во форми на интервјуа, прес конференции, едукации за јавноста, изјави и соопштенија за јавноста во пишани и електронски медиуми, следење на медиумски објави поврзани со Советот и редовно ажурирање на веб страна на Советот

*рок: континуирано*

## 4. ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА ИНСТИТУТОТ

4.1. Разгледување и давање согласност на програмата за работа на Институтот за 2026 година;

*рок: прв квартал*

4.2. Разгледување на годишниот извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за 2025 година и давање на согласност;

*рок: прв квартал*

4.3. Разгледување и давање согласност на програмата на Институтот за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор;

*рок: втор квартал*

4.4. Разгледување и давање согласност на тригодишната и годишната програма за контрола над членовите на Институтот;

*рок: прв квартал*

4.5. Разгледување и давање согласност на годишниот извештај на Институтот за наодите од извршените контроли за 2025 година;

*рок: втор квартал*

4.6. Анализа на извештаите од извршените контроли на квалитет (поединечни, квартални и годишни), донесување заклучоци и предлагање конкретни активности во насока на унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги;

*рок: континуирано*

4.7. Следење на примената на општите акти на Институтот и давање предлози за изменување и дополнување на истите;

*рок: континуирано*

4.8. Следење на доставените информации/извештаи од Институтот, Извештаи за извршени контроли на квалитет, Изречени мерки кои се однесуваат на физички лица овластени ревизори, како и правни лица – Друштва за ревизија и овластени ревизори –трговци поединци;

*рок: континуирано*

4.9. Одржување на работни состаноци на членовите на Советот со членовите на Управниот одбор на Институтот, за прашања од заедничко значење за ревизорската професија со цел да се подобри работата на физичките и правните лица кои вршат работи на ревизија;

*рок: континуирано*

4.10. Заедничко аплицирање за добивање на проекти, организирање на стручни семинари и тркалезни маси, заради сеопфатно унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија;

*рок: континуирано*

4.11. Активно учество на членовите на Советот во комисиите при Институтот;

*рок: континуирано*

4.12. Интензивирање на соработката со одделни комисии при Институтот;

*рок: континуирано*

4.13. Учество на вработените во Стручната служба на Советот на континуираните професионални усовршувања организирани од Институтот;

*рок: континуирано*

4.14. Други активности кои произлегуваат од надлежностите на Советот предвидени со Закон за ревизија;

*рок: континуирано*

## 5. ЗАЈКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА СОВЕТОТ

Согласно законските обврски, Советот во 2026 година како регулаторно тело, со сегашното законско решение не може директно да влијае на контролата на квалитетот на ревизорските извештаи. На седниците на Советот се даваат конкретни предлози за евентуална вонредна контрола. Се потенцира дека на овој начин се создадават предуслови за силен систем за контрола на квалитетот на ревизорските извештаи, кој претставува систем за рано спречување и лоцирање на опасностите од стечај и ликвидација во рана фаза, како заштита на државата од непотребни и непредвидени финансиски импликации. Вака изградена институција со силни технички и кадровски капацитети во соработка со другите институции и Владата на Република Северна Македонија ќе даде силен придонес во борбата против корупцијата.

Годишната програма за работа на Советот влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

в.д. Претседател на Советот
Филип Василески

Број: 01-379/1
29.12.2025 година
Скопје